08-2051/1
29-07-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-9714/1 од 27.12.2022 година.

Предметот со број 08-9714/1 од 27.12.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-9714/1 од 27.12.2022 година е оформен по сопствена иницијатива.

Имено до ДКСК пристигната е пријава од непознат подносител со наводи против в.д. директорот на --------------------, ------------------, по што е оформен предмет со број 18-8608/1 во Одделението за спречување на корупцијата. Во пријавата се наведува дека на датум 21.06.2022 година, ------------------------- сопруга на в.д директорот --------------------- станала сопственик на приватна здравствена установа – ординација по општа медицина „-----------------“ Скопје и дека не е пријавена и евидентирана во ДКСК кај неговата имотна состојба поради што се бара да се отвори постапка. Од наводите во пријавата произлегува дека не постојат конкретни наводи за дејствија за злоупотреба на службената положба од страна на в.д. директорот против кој е поднесена пријавата по кои би се постапувало во Одделението за спречување на корупцијата. Од првичното пребарување во евиденцијата на ДКСК на анкетни

листови и изјави за интереси, како и во Централниот регистар на РСМ покажува дека посочената промена не е пријавена во имотната состојба на в.д. директорот по што на колегиум на ДКСК одржан на 26.12.2022 година донесе заклучок да се отвори предмет во Одделението за следење на имотна состојба.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето ------------------------- на 15.12.2022 година доставил Образец за пријавување на имотна состојба во кој го има пријавено правниот субјект ПЗУ Ординација по општа медицина ---------------------- – Скопје со вредност од 4.000,00 денари и основ на стекнување – стекнување на друг начин во сопственост на неговата сопруга ----------------------.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: С.С.М. , Член на ДКСК

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**